МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

Број:11 – 7886/2
Датум: 06.12.2021
Скопје

# ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 02.12.2021 година изврши увид на лице место на ул.“Кнез Хацон“ бр.1 , по барање на Инвеститорот “ЕВН – Македонија“ Оддел КЕЦ – Ѓорче Петров, Скопје кој треба да изврши полагање на кабел NAY2Y-J 4x150мм2 ,заради реализација на приклучок за објект за барател Гоце Камчев.

Од увидот на лице место констатирано е дека за реализација на барањето според техничкото решение за овој предмет, ЕВН Македонија предвидува да положи кабел NAY2Y-J 4x150мм2.Трасата за новата електрична инсталација започнува од постоечко КРО лоцирано на тротоар од бекатонска подлога од каде што продолжува по истиот тротоар и ја поминува ул.“Кнез Хацон“ по пат на бушење и продолжува по земјена подлога се до постоечко КРО поставено пред оградата на објектот на барателот.

Трасата на ровот за подземниот вод е со вкупна должина од 80 метри, а кои припагаат на јавна површина при Општина Карпош.

На име на надоместок за изведување на подземни инсталации по јавни површини согласно Одлуката бр.07-6723/6 од 03.10.2014 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на номинирана цена за градежно – земјани работи за изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот да уплати износ од 11.808 денари со вклучено ДДВ.

На Инвеститорот – Изведувач дадени му се насоки за начинот на изведување на сите градежно земјани работи за положување на подземниот електричен вод како и обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања.Подлогата по положување на електричните кабли да се врати во првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот да се транспортира до депонија, околу инсталациите да се постави ситен песок, останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви,да се постави ситен песок и да се пререди бекатонот по целата широчина на тротоарот и ископаниот материјал од ровот од земјена подлога да се транспортира до депонија, околу инсталациите да се постави ситен песок и останатиот дел од ровот до ниво на терен да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви.

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на електричниот подземен вод, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени работите и дали е подлогата вратена во првобитна состојба.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Ивана Стојановски

Љубомир Тодевски